Македонскиот центар за меѓународна соработка организираше три работилници посветени на родовата еднаквост во спортот. Настаните беа фокусирани на подигање на свесноста за родовата дискриминација и создавање стратегии за поддршка на еднакви можности за жените и мажите во спортските активности на националните спортски федерации и спортските клубови во Северна Македонија. Вкупно 44 учесници (26 жени и 18 мажи) од Скопје и Куманово дискутираа за потребата од промени во спортските политики за поголемо вклучување на жените во спортот.




Претставниците на федерациите и спортските клубови (раководни лица и спортисти) добија знаење за успешно да ја детектираат и превенираат дискриминацијата и достапните правни средства за заштита од неа со посебен осврт на дискриминацијата во спортот. Имено, со работилницата е создадено сеопфатно разбирање за дискриминацијата во сите нејзини форми, што треба да зголеми инклузивноста и застапеност на жените во спортот. Спортот е област каде родовите стереотипи се длабоко вкоренети. Жените и девојките редовно се соочуваат со бариери како што се ограничен пристап до спортска инфраструктура, недостаток на позитивни примери и нееднаква распределба на материјалните и нематеријалните ресурси. Дополнително, женските спортски активности често се помалку медиумски застапени, што води до

минимизирање на нивните постигнувања и обесхрабрување тие да се вклучат и/или продолжат со спортската кариера.



На овие три работилници учесниците ги истражија основните прашања за човековите права на спортистите и актуелната состојба во спортот. Преку интерактивни сесии, тие се запознаа со родовите улоги, стереотипите и дискриминаторските практики, а работеа и на креирање акциски планови за унапредување на родовата еднаквост во своето непосредно опкружување. Како резултат од ова, сите учесници успешно мапираа и предложија повеќе мерки за подобрување на состојбата, како што се: воведување квоти за родова застапеност во телата за управување на спортските федерации, кампањи за поттикнување на интересот кај девојчињата и жените за активно учество во спортот, обезбедување еднаков пристап и услови до спортските ресурси и лиги за сите. Како дел од препораките, беше истакната потребата за примена на родово-трансформативениот пристап. Ова подразбира создавање услови во кои правата и можностите не зависат од полот и родот, а спортот се користи како средство за промоција на општествената еднаквост меѓу мажите и жените.




АКТУЕЛНА СОСТОЈБА И ПОСТОЕЧКИ НЕДОСТАТОЦИ
5 ГЛАВНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ
Учество
Лидерство
Безбеден спорт
Портретирање
Распределба на ресурси